# Анастасија Марковска

Кандидат за претседател на ФСС-ФЕИТ

## ВКЛУЧЕНОСТ ВО СТУДЕНТСКАТА ЗАЕДНИЦА

### СКЕЕОР, *Член на Организациски одбор*

март 2022 - денес

### ФСС-ФЕИТ, *Волонтер*

март 2022 - декември 2022

Дел од организацискиот тим зад Science@FEIT и Бруцошката забава.

### СКЕЕОР, *Волонтер*

декември 2021

### ФСС-ФЕИТ, *Претседател на Комисија за образование и наука*

мандат 2020/2021 година

## ОБРАЗОВАНИЕ

### Факултет за електротехника и информациски технологии, *насока Компјутерско хардверско инженерство и електроника*

октомври 2019 - денес

## ЗОШТО СЕ КАНДИДИРАМ?

Во текот на последните неколку месеци честопати запишував идеи за промени и настани кои би сакала да ги видам на нашиот факултет. Оттаму, би ми било особено задоволство да го водам тимот што нив ќе ги оствари, притоа придонесувајќи кон подобро студентско искуство за сите нас. Дополнителна мотивација ми е што, покрај проактивни и проникливи студенти, имаме и наставен кадар отворен за соработка. Затоа, сметам дека ФСС-ФЕИТ (со неговите волонтери) е тело со голем потенцијал за носење позитивни промени на ФЕИТ кои, се надевам, ќе се преточат и кон другите единки при УКИМ.



## ПРИОРИТЕТИ НА МОЈОТ МАНДАТ

**Инфраструктурни:**
Реализација на идејното решение за читалната, разубавување на холовите и училниците, доуредување на дворот.

**Образовно-кариерни:**
Залагање за назначување на студенти демонстратори, одржување на веќе воспоставени едукативни настани како Science@FEIT и Tech@FEIT и воведување нови, зголемување на соработката со бизнис заедницата, поддржување учества на меѓународни натпревари и конференции.

**Спортско-здравствени:**
Промовирање на учество во спортови и е-спортови, организирање на информативни работилници за унапредување на здравјето, спроведување кампањи за подобрување на менталното здравје.

**Културно-забавни:**
Бруцошка@ФЕИТ 2023, настапи на студентски бендови на журките, празнични базари, денски дружби на кампус.